Врз основа на член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Годишниот Извештај за работење на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2020 година.
2. Годишниот Извештај за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, е составен дел на оваа Одлука.
3. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

СО број:0201/9-1/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1.Се усвојува Извештајот за работење на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, за 2020 година.
Се одобрува работата на членовите на Надзорниот одбор на Банката, поединечно и колективно.

2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Извештајот од точката 1 е составен дел на оваа Одлука.

СО број:0201/9-2/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

УНИ Банка
Твојата Банка

Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, ја донесе следната:

ОДЛУКА
за усвојување на Годишната сметка на
Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година

1. Се усвојува Годишната сметка на Банката за 2020 година, по следните биланси:

- БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА на ден 31.12.2020 година
- БИЛАНС НА УСПЕХОТ за период 01.01.2020-31.12.2020 година

2. Се усвојува Билансот на состојба на ден 31.12.2020 година, со следните износи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | АКТИВА | МКД | 23,776,057,815.00 |
| - | ПАСИВА | МКД | 23,776,057,815.00 |
| | Вонбилансна евиденција актива и пасива | МКД | 2,893,814,140.00 |

3. Се усвојува Билансот на успех за 2019 година со следните износи:

| | | | |
|---|---|---|---|
| - | Приходи од камати | МКД | 1,120,163,771.00 |
| - | Приходи од провизии и надомести | МКД | 406,295,710.00 |
| - | Нето добивки од трансакции со хартии од вредност | МКД | |
| - | Нето добивки од курсни разлики | МКД | 34,862,571.00 |
| - | Останати приходи од дејноста | МКД | 58,295,611.00 |
| | ВКУПНО | МКД | 1,619,617,663.00 |
| - | Расходи за камати | МКД | 269,106,711.00 |
| - | Расходи за провизии и надомест | МКД | 218,189,684.00 |
| - | Трошоци за вработените | МКД | 320,420,171.00 |
| - | Амортизација на нематеријални средства и материјални средства | МКД | 54,308,185.00 |
| - | Исправка на вредност на нематеријални средства и материјални средства | МКД | 560,594.00 |
| - | Исправка на вредност, посебна резерва и резервирања | МКД | 113,939,463.00 |
| - | Останати расходи од дејноста | МКД | 230,640,629.00 |
| | ВКУПНО | МКД | 1,207,165,437.00 |

| | | |
|---|---|---|
| **Добивка пред оданочување** | МКД | 412,452,226.00 |

4. Распределба на добивката:

| | | |
|---|---|---|
| Данок на добивка | МКД | 38,660,714.00 |
| Добивка по оданочување | МКД | 373,791,512.00 |
| | | |
| Вкупно: | МКД | 412,452,226.00 |

5. Утврдената добивка по оданочување ќе биде распределена согласно Одлуката за распоредување на утврдената добивка.

6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

СО бр: 0201/9-3/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се усвојува Извештајот од извршена ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, од Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје.

2. Извештајот од извршената ревизија за работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје за 2020 година, од Друштвото за ревизија Мур Стивенс Скопје, е составен дел на оваа Одлука.

СО број:0201/9-5/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, ја донесе следната:

# **О Д Л У К А**

за избор на Друштво за ревизија

1. Се избира Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО Скопје, да изврши ревизија на работењето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2021 година.

2. Се задолжува Управниот одбор на Банката да ги преземе потребните дејства за реализација на оваа Одлука.

3. Одлуката влегува во сила до денот на донесувањето.

СО бр: 0201/9-6/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје и Одлуката за издавање на капитален исинструмент по пат на приватна понуда (Прва емисија на перпетуални обврзници) бр.0201/6-2 на 11.01.2019 година, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се одобрува исплата на камата по каматна стапка од 9% на годишно ниво на имателите на перпетуални обврзници со ИСИН бр.MKBLBA200011, Прва емисија на перпетуални обврзници, сметано од датумот на последната исплата на полугодишна камата, односно од 22.01.2021 година, вклучително и 22.01.2021 година.

Износот на камата која се плаќа се пресметува врз основа на конвенција ACT/ACT (ICMA) (реален број на денови во периодот поделен со реалниот број на денови во годината).

Пресметаната камата да се исплати на трансакциска сметка на секој од имателите на обврзниците полугодишно и тоа на ден 22.07.2021 година и на ден 22.01.2022 година. Ако утврдениот ден за исплата на каматата е неработен ден, тогаш истата ќе се исплати на првиот работен ден што следува.

Каматата се исплаќа од добивката која е расположлива за распределба, при што плаќањето се врши и ако добивката не е ревидирана од овластен ревизор.

Каматата се пресметува во евра, а се исплаќа во денари по среден курс на Народна Банка на Република Северна Македонија на денот на исплатата.

На денот на исплата на каматата, Банката од бруто износот на каматата ќе ги одземе и ќе ги плати сите даноци согласно постоечката законска регулатива во РСМ.

2. Да се известат имателите на обврзниците за денот и начинот на исплата на каматата согласно точка 1 од оваа Одлука.

3. Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа Одлука доколку е потребно за успешно спроведување на истата.

4. Одлуката влегува во сила до денот на донесувањето.

СО бр: 0201/9-7/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, донесе:

**ОДЛУКА**
за престанок на мандат на независен член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

1.Се констатира престанок на мандат на г-дин Драган Тевдовски од функција независен член на Надзорен одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, на негово барање.

2.Со престанок на мандатот на членот од Надзорниот одбор на Банката, му престануваат сите права и обврски кои произлегуваат од членството.

3.Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

4.Се овластува Управниот одбор на Банката да ги превземе сите потребни правни дејствија за упис на промената на членот на Надзорен одбор и тоа во Народна Банка на РСМ и Централниот регистар на РСМ, како и по потреба да врши дополнување и измена на оваа одлука.

5.Оваа Одлука се доставува до членот на Надзорниот одбор чиј мандат престанува, Народна Банка на РСМ и архива на Банката.

СО број:0201/9-8/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 86 од Законот за банките и член 41 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, донесе:

# О Д Л У К А

за именување на членови на Надзорниот одбор на
Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

1.За членови на Надзорниот одбор на Банката се именуваат:
- г-дин Светозар Александров Попов – член,
- г-дин Јанко Ангелов Караколев, - член,
- г-ѓа Ралица Иванова Богоева – член
- г-дин Николај Сергеевич Драгомирецки - независен член и
- г-дин Дејан Кнезовиќ - независен член.

3. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор од точка 1 на оваа Одлука изнесува 4 (четири) години, сметано од денот на добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на РСМ.

4. Именуваните членови на Надзорниот одбор на Банката имаат права и обврски согласно Законот за банките, Статутот и другите акти на Банката.

5. Се овластува Управниот одбор на Банката да ги превземе сите потребни правни дејствија во Народна Банка на РСМ и Централниот регистар на РСМ, како и по потреба да врши дополнување и измена на оваа одлука.

6.Одлуката да се достави до Народна Банка на РСМ, заради добивање на согласност за членовите на Надзорниот одбор, до именуваните лице и архивата на Банката.

7. Одлуката влегува во сила по добивање на согласност од Гувернерот на Народна Банка на РСМ за секој именуван член .

СО бр:0201/9-9/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

Врз основа на член 86 од Законот за банките , член 383 од Законот за трговските друштва и член 41од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката, на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## за изменување и дополнување на Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје

### Член 1

Во Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, пречистен текст од 30.12.2019 година, во член 63 во став 1 бројот: „5" и зборот: „(пет)" се заменуваат со бројот: „6" и зборот: „ (шест)", а по зборот „ризици" и запирката, се додаваат зборовите: „1 (еден) член на Одборот е Главниот Директор за контрола на усогласеност со прописи,".

### Член 2

Членот 69 се менува и гласи:

„ Управниот одбор на Банката се состои од 3 (три) члена: еден Главен Извршен директор и двајца Извршни директори.

Надзорниот одбор на Банката со одлука ги именува членовите на Управниот одбор, по претходна согласност од Народна банка, со мандат од 5 години.

Со одлуката на Надзорниот одбор за именување на членовите на Управниот одбор, членот именуван за Главен Извршен директор се именува за Претседател на Управен одбор.

Главниот Извршен директор/ Претседател на Управниот одбор, го следи и координира работењето на Управниот одбор и целокупното работење на Банката.

Управниот одбор на Банката ја претставува и застапува Банката и раководи со нејзиното работење. Банката во било кое време ја застапуваат двајца членови на Управниот одбор од кои еден задолжително треба да биде Главниот Извршен директор /Претседател на Управниот одбор. Во случај на негово отсуство,тој може да го пренесе ова право само на друг член на Управниот одбор.

Главниот Извршен директор/ Претседател на Управниот одбор ја претставува Банката пред трети лица. Начинот на претставување на Банката подетално ќе биде уреден со Деловникот за работа на Управниот одбор".

### Член 3

Во член 72-а алинеја 1, зборовите:„ Еден Извршен директор" се заменуваат со зборовите: „Главниот Извршен директор/ Претседател на Управниот одбор".

Во алинеја 2, зборовите:„ и Дирекција Небанкарски дејности" се заменуваат со зборовите: „ Дирекција Сигурност и Служба за небанкарски дејности".

### Член 4

Одлуката стапува на сила со денот на добивање на предходна согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија и по нејзиното усвојување од Собранието на Банката.

**Член 5**

Се овластува Надзорниот одбор на Банката да врши измени и дополнување на оваа одлука, во случај да има потреба.

Стручната служба на Банката да изготви пречистен текст на Статутот.

**О б р а з л о ж е н и е**
**за потребата од изменување и дополнување на Статутот**

Предложените измени и дополнувања на Статутот се вршат заради проширување на составот на Одборот за управување со ризици, подобрување на организациската компететност на Управниот одбор на банката, како и воведување на нова организациона единица во банката.

Со членот 1 од предложените измени и дополнувања на Статутот се проширува составот на Одборот за управување со ризици, со именување на Главниот директор за контрола на усогласеност со прописи за член на Одборот. Целта на овој предлог е да се опфати целосна покриеност на управување со сите материјални ризици на кои е изложена Банката при вршење на финансиските активности, вклучително репутациски ризик и оперативен ризик.

Со членот 2 се пропишува дека еден од членовите на Управниот одбор е Главен Извршен Директор и Претседател на Управниот одбор, којшто го следи и координира работењето на Управниот одбор и целокупното работење на Банката. Истовремено, се прецизира дека банката во било кое време ја застапуваат двајца членови на Управниот одбор, од кои еден задолжително треба да биде Главниот Извршен директор /Претседател на Управниот одбор, како и обврската на Главниот Извршен директор/ Претседател на Управниот одбор да ја претставува Банката пред трети лица.

Со членот 3 се врши измена и дополнување на надлежностите и одговорностите на членовите на Управниот одбор, притоа Извршниот директор одговорен Дирекција Корпоративно банкарство, Дирекција Стратешки клиенти, Дирекција Трежри ќе биде одговорен и за ново формираната Дирекција за сигурност. Потребата од формирање на Дирекција сигурност е заради централизирано контролирање и координирање на сигурносните активности на банката, како и примена на Одлуката за методологија за сигурност на информативниот систем. Дирекцијата за сигурност во својот делокруг ќе ја опфати информативната безбедност, cyber и мрежна безбедност, управување со можните слабости и ранливости, управување со инциденти, управување со ризици, следење на можни измами при платежни трансакции (fraud monitoring), обуки, физичка безбедност, заштита на сопственост, контрола на пристап, видео надзор и други активности. Поради воведувањето на новата Дирекција за сигурност, се намалуваат надлежностите на Дирекцијата за небанкарски дејности, која ќе функционира како Служба за небанкарски дејности.

Со членот 4 се уредува стапување на сила на измените и дополнувањата на Стаутот по добивање на претходна согласност од гувернерот на НБРСМ, а со член 5 се овластува Надзорниот одбор да врши измени и дополнувања на овој Статут доколку има потреба, а службите во Банката да изготват пречистен текст на Статутот.

СО бр:0201/9-10/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ

УНИ Банка
Твојата Банка

Врз основа на член 62 од Статутот на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје, Собранието на акционери на Банката на седницата одржана на ден 26.05.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за исплата на награда на членовите на Надзорниот одбор на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје**

1.Заради успешност во спроведување на надзорната функција над управувањето на Универзална Инвестициона Банка АД Скопје во 2020 година, се одобрува награда на членовите на Надзорниот одбор на Банката, во нето износ од 41.250 евра.

2.Распределбата на наградата од точка 1 на оваа Одлука на поединечните членови на Надзорениот одбор ќе ја изврши Одборот на наградување, согласно успешноста во извршувањето на функцијата и учеството во работата на Одборот.

3.Средствата за награда на членовите на Надзорниот одбор ќе се исплатат еднократно, на товар на трошоците на Банката во 2021 година.

4. Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

СО бр: 0201/9-11/2021
26.05.2021 година

СОБРАНИЕ
ПРЕТСЕДАВАЧ